# ПРОЦЕС ЗА ПРОМЕНА НА СНАБДУВАЧ

*упатство*

## → Општи информации

– Времетраење на процесот: 22 работни дена;

– Дата на промена: 1 ден од месецот;

– Причини за прекин на процесот:

→ веќе е започнат процес за промена на снабдувач или на корисник;

→ грешни информации во барањето за промена на снабдувач;

→ потрошувачот се снабдува преку друг потрошувач.

→ за потрошувачот е започната постапка за исклучување од претходниот снабдувач

→ операторот започнал постапка за исклучување на потрошувач поради неплатени фактури за користење на мрежа

## → Начин на функционирање

– Комуникација преку апликација за снабдувачи;

– Дефинирана форма на листата на мерни места (автоматски генерирана преку Switching List);

## → Прв чекор (најкасно 7 работни дена пред датум на промена):

– Се пополнува Switching List со сите мерни места за кои се бара промена на снабдувач;
– Сите податоци кои треба да се пополнат во Switching листата можат да се најдат на фактурата на корисникот;
– Switching List може да се пополнува за сите потрошувачи заедно или за секој клиент посебно.
– Потребно е внимателно пополнување на СИТЕ полиња од Switching листата (соодветно со бараните полиња).
– Доколку се копираат некои од полињата во Switching листата од друга табела потребно е да се направи Paste Value за да не се изгуби структурата и проверката во листата.
– Потребно е ЕДБ да соодветствува со бројот на мерното место.
– Листата со мерни места се поставува на апликација на снабдувачи во соодветниот модул за промена на снабдувач (Апликација за снабдувачи / Промена на снабдувач / Ново барање / Промена на снабдувач).

## → Втор чекор (во рок од 2 работни дена – 48 часа):

– Се прави проверка на податоците за мерните места:

→ доколку бројот на мерното место не соодветствува со ЕДБ, во Преглед на одбиени мерни места во рок од 2 работни дена (48 часа) ќе бидат поставени грешни мерни места и ќе биде наведено за каков тип на грешка се работи.

→ доколку сите податоци се точни, во Преглед на прифатени мерни места во рок од 2 работни дена ќе бидат поставени сите мерни места за кои промената на снабдувач е прифатена.

→ на email ќе биде испратено и известување за валидни и невалидни мерни места.

– На ftp се поставуваат историските податоци во фолдерот IstoriskiLP.

## → Трет чекор (во рок од 3 работни дена):

- По добиеното известување за прифатени мерни места за промена на снабдувач, снабдувачот има рок од 3 работни дена (1 работен ден раскин на договор на клиентот со стариот снабдувач и 2 работни дена за склучување нов договор и известување до ОДС) да потврди дека има склучено договор за снабдување (Апликација за снабдувачи / Промена на снабдувач / Преглед на прифатени мерни места / Склучен договор за снабдување).
- Откако мерните места ќе бидат потврдени со склучен договор од страна на снабдувачот се префрлаат во преглед на Реализирани промени на снабдувач (Апликација за снабдувачи / Промена на снабдувач / Преглед на реализирани промени на снабдувач)